JD Изградба и реконструкција на локални патишта… 77.340.476
JF Изградба на сообраќајна сигнализација……….. 2.000.000
JG Изградба на системи за водоснабдување…… …….. 3.500.000
JI Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води ……...5.771.600
К) Култура ………………………… 577.805
К1 Библиотекарство...…………… 516.258
К2 Музичко сценска дејност…….. 61.547
М) Социјална заштита…………..2.024.602
N ) Образование ………………12.593.037
N1 Основно образование ………4.675.217

N2 Средно образование ……….2.899.930
N3 Превоз на ученици од основно образование.…… .. 5.017.890
W ) Противпожарна заштита… 4.190.400

Во досегашниот буџет за 2005 година постоеа три програми:

1.Администрација…………….. 36.460.379
2.Уредување на градежно земјиште…………………… 61.494.644
3.Локални патишта и улици…..24.095.505
Вкупно: …... 122.050.528

Во новиот Буџет за 2005 година Програмата 1-Администрација се поделува на 3 нови програми и тоа:

А - Совет на општина
- Градоначалник
- Администрација.

Програмата 2 – Уредување на градежно земјиште се транформира во нова програма Ј – Комунални дејности, која опфаќа повеќе подпрограми и тоа: Ј2, Ј3, Ј4, Ј6, Ј7, кои се однесуваат на тековно одржување и јавно осветлување и подпрограмите ЈД, ЈФ, ЈГ и ЈИ кои се однесуваат на изградба на инфраструктурни објекти од комуналната сфера пред се патишта, водоснабдување, канализација, сообраќајна сигнализација и други инвестиции, кои го даваат капиталниот Буџет.

Во овој Буџет сосема нови програми се програмите за образование, култура и социјална заштита со претходно наведените потпрограми, кои се однесуваат на новите надлежности на општината и во оваа фаза ќе се покриваат со наменски дотации од државата, а во втората фаза од 2007 година ќе се добиваат блок дотации кои ќе ги покриваат целосно дадените надлежности заедно со вработените, а не само тековните трошоци на буџетските корисници како што е случајот сега со наменскате дотации.

Наменските дотации се распределени по буџетските корисници врз основа на нивните финансиски планови кои се составен дел на овој Буџет.

………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА ЗА 2005 ГОД.

1. Се објавува Одлуката за дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Струмица за 2005 година, што Советот на општина Струмица ја донесе на седницата одржана на 30.06.2005 година.

Број 08-1426/2 Градоначалник
30.06.2005 год. на Општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

………..

Врз основа на член 36 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" број 5/02) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 4/03), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 30.06.2005 година, донесе

О д л у к а
за дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Струмица за 2005 година

Член 1

Во Одлуката за извршување на Буџетот на општина Струмица за 2005 година ("Сл. гласник на општина Струмица" број 8/04) по членот 1 се додава нов член 1-а кој гласи"

"Корисниците на средства од Буџетот можат да ги користат средствата само доколку во рок од 25 дена од денот на донесувањето на Буџетот на општина Струмица доставаат полугодишен финансиски план по квартали за користење на средствата по програми, потпрограми, ставки и потставки во рамките на одобрените средства со Буџетот на општина Струмица.

Во текот на дадениот квартал буџетскиот корисник може да достави барање за измена на кварталниот финансиски план по месеци, по програми, потпрограми и ставки во рамките на износите одобрени за дадениот квартал, за кое одлучува Градоначалникот на општина Струмица".

Член 2

По член 4 се додава нов член 4-а кој гласи:

"За прераспределбата на средствата меѓу буџетските корисници, програми и потпрограми одлучува Советот на општина Струмица.

Во рамките на расходите утврдени со Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните стапки по претходно одобрување од Градоначалникот на општина Струмица".

Член 3

По член 11 се додаваат нови членови 11-а и 11-б, кои гласат:

"Член 11-а

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи од Буџетот. Поврат на погрешно уплатените приходи се врши со решение на Градоначалникот.

Член 11-б

Општината планира буџетска резерва за финансирање на непланирани или помалку планирани расходи во износ од 2% од Буџетот. Употребата на буџетската резерва ја одобрува Градоначалникот".

Член 4

Оваа Одлукла влегува во сила со денот на објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07-1426/1 Совет на општина Струмица
30.06.2005 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

…………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ВОДОВОДНАТА МРЕЖА ВО СЕЛО ВОДОЧА

1. Се објавува Одлуката за преземање на водоводната мрежа во село Водоча, што Советот на општина Струмица ја донесе на седницата одржана на 30.06.2005 година.

Број 08-1429/2 Градоначалник
30.06.2005 год. на Општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

………….

Врз основа на член 21 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 4/03), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 30.06.2005 година, донесе

О д л у к а
за преземање на управувањето на водоводната мрежа во село Водоча

Член 1

Со оваа Одлука Општина Струмица го презема управувањето на водоводната мрежа во село Водоча од Месната заедница во село Водоча.

Член 2

Водоводната мрежа во село Водоча се пренесува на управување на ЈПКД "Комуналец" Струмица без надоместок.

Член 3

ЈПКД "Комуналец" Струмица во рок од 30 дена по влегувањето во сила на оваа Одлука да ги преземе сите дејствија за успешно продолжување на функционирањето на водоводната мрежа во село Водоча.

Член 4

Се задолжуваат корисниците на водоводната мрежа чии водомери не се според стандардите да ги заменат и сите водомери во село Водоча да се баждираат.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр.07-1429/1 Совет на општина Струмица
30.06.2005 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА, ДЕЛОКРУГ И НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА СТРУМИЦА

1.Се објавува Одлуката за организација, делокруг и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Струмица, што Советот на општина Струмица ја донесе на седницата одржана на 23.06.2005 година.

Број 08 -1348/2 Градоначалник
23.06.2005 год. на Општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………….

Врз основа на член 57 став 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 21 став 1 точка 26 од Статутот на општина Струмица (Сл. гласник на општина Струмица" бр. 4/03), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 23.06.2005 година, донесе

О д л у к а
за организација, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Струмица

**I. Основни одредби**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува внатрешната организација, делокругот и начинот на извршување на задачите на

општинската администрација на Општина Струмица, (во натамошен текст Општинска администрација) видовите на организационите облици, условите за нивно образување и раководењето со нив.

Член 2

Внатрешната органиација на општинската администрација на општината се утврдува во зависност од надлежностите на општината утврдени со закон, групирањето на работите и задачите според видот, обемот, сложеноста, нивната меѓусебна сроднот и поврзаност, како и дрги услови потребни за утврдувањето на внатрешната организација.

Член 3

Општинската администрација:

1. Ги подготвува актите за советот и за градоначалникот;

2. Ги подготвува седниците на советот, како и седниците на неговите постојани и повремени комисии;

3.Врши стручни работи за Советот и за Градоначалникот;

4.Го води сметководството на општината;

5.Ја следи проблематиката во областите од надлежност на општината, врши анализа на состојбите и дава иницијативи и предлози за нивно решавање;

6.Доставува информации и податоци во врска со активностите на општината на барање на надлежните органи или врз основа на закон;

7.Ракува со документите на општината и ги чува се до нивното уништување, односно предавање во Државниот архив на Република Македонија, и

8.Врши и други работи што ќе и ги определат Советот и Градоначалникот.

## II. Видови на организациони облици на општинската администрација

Член 4

За изршување на работите од надлежност на органите на општината во општина Струмица се организира општинска администрација.

Член 5

Општинската администација се организира во четири сектори во чиј состав се образуваат најмалку по две одделенија

Член 6

Сектор се образува заради обединување на повеќе меѓусебно поврзани подрачја од надлежност на општината како и заради координирање и контрола на работата од надлежност на одделенијата во неговиот состав и следење и унапредување на меѓусебната соработка на одделенијата.

Член 7

Одделение се образува заради извршување на една од следните работи: нормативно-правни, управување со човечки ресурси, стручно аналитички, управни, управно-надзорни, информативно - документациони, информативно - комуникациски, стручно- оперативни, материјално - финансиски, инвестициони, стручно административни, како и други работи што се извршуваат во органите на општината.

Член 8

Општинската администрација на општина Струмица се организира во следните сектори и оделенија:

**1. Сектор за правни, административни, општи работи и јавни дејности, во чиј состав се:**

- Одделение за правни и општи работи
- Одделение за административна поддршка на Градоначалникот
- Одделение за услуги на граѓаните и месна самоуправа
- Одделение за јавни дејности

**2. Сектор за финансии и буџет во чиј состав се:**

- Одделение за буџет и сметководство,
--Одделение за администрирање на приходи (локални даноци и такси)

**3. Сектор за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и локален економски развој, во чиј состав се:**

- Одделение за урбанизам
- Одделние за комунални работи
- Оделение за заштита на животната средина
- Одделение за локален економски развој

**4.Инспекторат- Сектор за инспекциски работи, во чиј состав се:**

-инспекторат- одделение за инспекциски работи во патниот сообраќај, локалните патишта и улици, комуналиите, урбанизмот и заштита на животната средина

-инспекторат- одделение за инспекциски работи во образованието, финансиите и други инспекции во надлежност на општината

## III. Делокруг и начин на извршување на задачите

### А. Сектор за правни, административни, општи работи и јавни дејности

Член 9

Секторот за правни, административни, општи работи и јавни дејности ги врши следните работи:

- подготвува акти за Советот и Градоначалникот;

Сек

- ги подготвува седниците на Советот и седниците на неговите работни тела;
- врши стручни работи за Советот и Градоначалникот
- ракува со документите на општината и ги чува се до нивното уништување, односно предавање на Државниот архив на РМ;
- ја следи состојбата во јавните дејности;
- соработува со невладините организации;
- организира непосредно контактирање и информирање на граѓаните;
- работи на управување со човечки ресурси;
- врши информатичко-технички работи; и
- врши и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот на општината.

Член 10

Одделението за правни и општи работи, ги врши работите што се однесуваат на: изготвување на одлуки и други општи и поединечни акти од надлежност на Советот и Градоначалникот, дава мислења на актите од аспект на нивната законитост, ги следи прописите и нивните измени и дополнувања, врши стручни и организациони работи за Советот и градоначалникот, ракува со документите на општината, врши одржување и унапредување на информатичко-комуникациските системи на општината, работи на унапредувањето на прашањата поврзани со човечки ресурси, го изготвува службеното гласило на општината, работи и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и градоначалникот.

Член 11

Одделението за административна поддршка на Градоначалникот ги следи Законите и другите прописи од надлежност на општината, а посебно од надлежност на Градоначалникот, го планира и организира работниот протокол на Градоначалникот и се грижи за негово извршување, изготвува известувања за јавноста за работи од надлежност на Градоначалникот, врши и други работи доверени од Градоначалникот.

Член 12

Одделението за услуги на граѓаните и месна самоуправа, ги врши следните работи: обезбедува контакт со граѓаните, невладините организации и облиците на месната самоуправа; дава усни правни совети на граѓаните и им помага и укажува на начинот на остварување на нивните права; дава информации на граѓаните од областа на добивањето одобрение за градење, неопходна техничка документација за градба; информации за комуналните давачки; информации за општинските органи и јавни претпријатија; регионални коференции, разни манифестации; и врши и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и градоначалникот.

Член 13

Одделението за јавни дејности ги следи, проучува и применува законите, прописите и општите акти кои се однесуваат на образованието, здравствената и социјалната заштита, културата, спортот, цивилната и противпожарната заштита и врши работи од овие области, за кои со закон е надлежна општината.

**Б. Сектор за финасии и буџет**

Член 14

Секторот за финансии и буџет ги врши работите што се однесуваат на:
- собирање, утврдување, евиденција и наплата на приходите на општината;
- подготвување на буџетот и завршната сметка како и други акти од областа на финансирањето;
- евиденција на имотот на општината;
- извештаи за состојбите на сметките на општината
- работи од материјално финансиските работи;
- финансиско сметководствени работи на органот на обликот на месната самоуправа;
- други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот

Член 15

Одделението за буџет и сметководство го подготвува буџетот и завршната сметка како и други акти од областа на финансирањето; води евиденција на имотот на општината; поднесува извешати за состојбите на сметките на општината; врши материјално-финасиски работи; врши финансиско сметководствени работи на обликот на органот на месната самоуправа; како и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

Член 16

Одделението за администрирање на приходите ги врши работите кои се однесуваат на: планирање и утврдување на приходите; евиденција на наплата - собирање на локалните даноци и такси на општината утврдени со Закон; дел од приходите од персонален данок од доход и други даноци утврдени со Закон; идентификација и регистрација на имотот на даночните обврзници; врши и други работи кои ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

**В. Сектор за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и локален економски развој**

Член 17

Секторот за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и

локален економски развој ги врши следните работи:

-урбанистичко планирање, издавање на одобренија за градење на објекти од локално значење утврдени со Закон, уредување на просторот и уредувањето на градежното земјиште;

- заштита на животната средина и природата;
- комуналните дејности;
- планирање на локалниот економски развој
- други работи кои ќе бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

Член 18

Одделението за урбанизам ги врши следните работи: урбанистичко (урбано и рурално) планирање; учествува во постапката за изработка, донесување, изменување и дополнување на Генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистичка документација на населено место, општ акт за условите за градба на објекти во населено место, урбанистички проекти и друга урбанистичка документација; покренува иницијатива за изработка, дополнување и изменување на урбанистичките планови; ја следи реализацијата на урбанистичките планови; изготвува програми за урбанистичко планирање и уредувањето на градежното земјиште; издава одобренија за градење на објекти од локално значење утврдени со закон; се грижи за уредувањето на просторот и уредувањето на градежното земјиште; врши и други работи кои ќе му бидат доверени од Советот и градоначалникот.

Член 19

Одделението за комунални работи ги врши работите што се однесуваат на: снабдување со вода за пиење; испорака на технолошка вода; одведување и прочистување на отпадните води; јавното осветлување; одведување и третман на атмосферските води; одржување на јавната чистота; уредување и организирање на јавниот локален превоз; снабдување со природен гас и топлинска енергија; одржување на гробиштата; изградба, одржување, реконструкција и заштита на локалните патишта и улици и други инфраструктурни објекти; регулирање на режимот на сообраќај; изградба и одржување на уличната сообраќајна сигнализација; изградба и одржување на јавниот простор за паркирање; отстранување на хаварисани возила од јавните површини; изградба и одржување на пазарите; чистење на оџаците; одржување и користење на зеленилото; регулација, одржување и користење на речните корита во урбаните делови; определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти; врши и други работи кои ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

Член 20

Одделението за заштита на животната средина ги врши работите што се однесуваат на: заштита на животната средина и природата; мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот и земјиштето; заштита од бучава и нејонизирачко зрачење; врши и други работи кои ќе му бидат доверени од Советот и градоначалникот.

Член 21

Оделението за локален екомоски развој извршува работни задачи кои се однесуваат на: планирање на локалниот економски развој; утврдување на развојните и структурните приоритети; водење на локална економска политика; подршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемаштвото на локално ниво; учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство;

врши и други работи кои ќе му бидат доверени од Советот и градоначалникот.

**Г. Инспекторат - Сектор за инспекциски работи**

Член 22

Инспекторатот- Секторот за инпекциски работи врши работи и работни задачи кои се однесуваат на:

- инпекциски надзор и контрола на примената на Закони и други прописи и акти донесени врз основа на Закон
- инпекциски надзор и контрола на примената на прописите и актите донесени од страна на органита на општината и
- презема мерки за отстранување на сите неправилности при примена на истите, во согласност со закон.

Член 23

Одделението за инспекциски работи во патниот сообраќај, локалните патишта и улици, комуналиите, урбанизмот и заштитата на животната средина врши инпекциски надзор и контрола на примената на Законите и другите прописи и акти донесени врз основа на закон, прописите и актите донесени од страна на органите на општината, а кои се однесуваат на области за кои со закон е надлежна општината.

Член 24

Одделението за инспекциски работи во образованието и финансиите врши инпекциски надзор и контрола на примената на Законите и другите прописи и акти донесени врз основа на закон, прописите и актите донесени од страна на органите на општината, а кои се однесуваат на организацијата на работата на основните и

средните училишта во општината, утврдувањето и наплатата на општинските даноци и такси и други инпекциски работи за кои со закон е надлежна општината.

**Д. Внатрешна ревизија**

Член 25

Внатрешниот ревизор воспоставува систем на интерни контроли кои подразбираат политики, постапки и активности за правилно и законито финансиско работење.

Член 26

Општинската администрација врши и работи делегирани од органите на државната управа во согласност со Закон.

**IV. Раководење со организационите облици**

Член 27

Работата на општиската администрација е јавна.

Со општинската администрација раководи градоначалникот на општината.

Член 28

Со секторот раководи раководител на секторот.

Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на секторот, со секторот раководи помошник раководител на секторот, односно еден од раководителите на одделенијата од соодветниот сектор.

Со одделението раководи раководител на оделение.

Во случај на отсутност или спреченост на раководителот на одделението го заменува советник од одделението од редот на стручните државни службеници кој тој ќе го определи.

Член 29

Вкупниот број вработени и распоредот по звања и работни места го утврдува градоначалникот на општината со Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација.

**V. Преодни и завршни одредби**

Член 30

Со денот на влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општина Струмица (Сл.гласник на општина Струмица бр. 1/05), Правилникот за организација и систематизација на работните места на општина Муртино и Правилникот за организација и систематизација на работните места на општина Куклиш.

Член 31

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. гласник на општина Струмица, а ќе се објави по добивањето мислење од Агенцијата за државни службеници.

Бр.08-1341/2 Совет на општина Струмица
3.06.2005 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ” број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА ЗА 2005 ГОДИНА

1. Се објавува Програмата за комунални дејности на општина Струмица, што Советот на општина Струмица ја донесе на седницата одржана на 30.06.2005 година.

Број 08-1427/2 Градоначалник
30.06.2005 год. на Општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………

Врз основа на член 21 точка 1 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 30.06.2005 година, донесе

**Ј – П Р О Г Р А М А**
**ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ**
**НА ОПШТИНА СТРУМИЦА ЗА 2005 ГОДИНА**

**В О В Е Д**

Оваа Програма претставува континуитет на преземените активности за уредување на градежното земјиште од преходната година, врз основа на програмите за уредување на градежното земјиште на гр. Струмица, општина Муртино и општина Куклиш, понатаму програмите за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта на овие општини, програмите за одржување на јавното осветлување и други слични програми, а се во согласност со донесените урбанистички планови во овие општини.

Со оваа Програма особено се утврдува:

- подрачјата на кои се врши уредување на градежното земјиште;
- обемот и степенот на опремување за земјиштето со комунални објекти и инсталации и нивно тековно одржување;
- изворите на финансирањето на уредувањето на земјиштето.

Во оваа Програма се опфатени речиси сите надлежности на Општината, а согласно

Законот за локална самоуправа во сферата на комуналните дејсности.

Таа е отворена за измени и дополнувања и во неа можат да бидат вградени и евентуално други задачи доколку има потреба и се создадат за нови ургентни реализации во текот на 2005 година.

Програмата е релативно обемна и сеопфатна со цел да одговори и овозможи задоволување на потребите на граѓаните и други субјекти.

Подрачја на кои ќе се врши уредување

Во 2005 година уредувањето на градежното земјиште и другите надлежности од комуналните дејности кои ги врши Општината, беа предмет на други програми, а сега ќе се регулираат со оваа Програма.

Подрачјата кои се опфатени се пред се' локалитети и други дејности со кои ќе се отпочне оваа година, локалитети и проекти на кои ќе се регулираат обврските и проекти од претходни години, како и проекти, локалитети и надлежности за кои ќе се вршат припремни рботи за наредната или наредните години.

Обем на уредување и степен на опремување на земјиштето со комунални објекти и инсталации и нивно тековно одржување

Уредувањето и спроведувањето на комуналните дејности ќе се врши во зависност од динамиката и приливот на средства во обем и степен предвиден со оваа Програма.

Уредувањето на градежното земјиште е процес кој е во континуиран процес, преку кој ќе се создаваат услови и можности за иден развој на градот и Општината.

Член 1

***Ј2 – Одведување и прочистување на отпадните води*** ***Износ: 5.851.826,оо***

| РБ | Активност | Површина | Износ-денари |
|---|---|---|---|
| 1. | Чистење на отворен атмосферски канал на "Кр. Република" | 3.056 м' | 1.551.773,оо |
| 2. | Чистење на отворен атмосферски канал " Св.Илија" | 2.935 м' | 2.614.973,оо |
| 3. | Чистење на коритото на дел од р. Водочница | 1.066 м' | 1.685.080,оо |

***Ј3 – Јавно осветлување*** ***Износ:9.360.000,оо***

| РБ | | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Тековна потрошувачка на електрична енергија | 6.900.000,оо |
| 2. | Тековно одржување и поставување на нови арматури | 2.460.000,оо |

**Ј4 – Јавна чистота** **Износ : 1.256.770,оо**

***Ј6 – Одржување и заштита на локални Патишта и улици*** ***Износ: 5.100.000,оо***

| РБ | Активности | Количина | Износ во денари |
|---|---|---|---|
| 1. | Крпење на ударни дупки и прокопи со набавка и вградување на асфалт | 300 Т | 2.100.000,оо |
| 2. | Зимско одржување на локали патишта и улици<br>- набавка на индустриска сол<br>- ангажирање на машини, опрема, и работна рака за расфрлање на сол и чистење на снег од улиците | 50 Т | 300.000,оо<br>500.000,оо |
| 3. | Одбележување на хоризонтална сигнализација | 5.000 $м^2$ | 1.200.000,оо |
| 4. | Одржување на вертикална сигнализација со набавка и поставување на сообраќајни знаци | 100 броја | 500.000,оо |
| 5. | Одржување на семафорски постројки | | 500.000,оо |

***Ј7- Одржување и користење на паркови и зеленило*** ***Износ: 3.000.000,оо***

1.Реконструкција на патека Струмица - Св.Илија 2.000.000,оо
2.Одржување на паркови и зеленило 1.000.000,оо

***ЈД – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици*** ***Износ:77.340.476,оо***

а)Изградба на улици

| РБ | Објект | Пов. | Износ во ден. |
|---|---|---|---|
| 1. | Ул. во с.Вељуса-тампонирање и асфалтирање | 1.300 $м^2$ | 866.450,оо |
| 2. | Ул. во с.Дабиле-асфалтирање | 1.000 $м^2$ | 403.300,оо |
| 3. | Ул. во с.Просениково-тампонирање и асфалт. | 600 $м^2$ | 403.000,оо |
| 4. | Ул. во с.Добрејци-тампонирање и асфалтирање | 500 $м^2$ | 331.500,оо |
| 5. | Ул. во с. Муртино-тампонирање и асфалтир. | 2.800 $м^2$ | 3.000.000,оо |
| 6. | Ул. во с. Куклиш-тампонирање и асфалтирање | 2.500 $м^2$ | 500.000,оо |
| 7. | Ул. “Младинска”-вадење стари ивичњаци, поставување на нови, гребење на стар асфалт и асфалтирање | 4.800 $м^2$ | 2.450.000,оо |
| 8. | Ул. “Дим. Влахов”-асфалтирање | 1.520 $м^2$ | 600.000,оо |
| 9. | Ул. “Маршал Тито”-гребење и асфалтирање | 2.650 $м^2$ | 1.100.000,оо |
| 10. | Ул. “Јанко Цветинов”-асфалтирање | 500 $м^2$ | 362.000,оо |
| 11. | Ул. “Новопроектирана”-целосна изведба | 500 $м^2$ | 15.340.000,оо |
| 12. | Ул. “Мирче Ацев”-“Ванчо Китанов”-целосна изведба | 110 м’ | 1.770.000,оо |
| 13. | Ул. “Дунавска”-тампонирање со асфалт | 120 м’ | 1.180.000,оо |
| 14. | Ул. “Цветан Димов”-целосна изведба | 230 м’ | 6.400.000,оо |
| 15. | Дел ул.”Панче Пешев”-тампонирање и асфал. | 500 $м^2$ | 654.00,оо |
| 16. | Дел од ул.”Киро Абрашев”-бетонирање | 20 м’ | 94.400,оо |
| 17. | Дел од ул. “Ката Поцкова”-бетонирање | 350 $м^2$ | 214.000,оо |
| 18. | Дел од ул. “Браќа Минкови”-бетонирање | 20 м’ | 59.000,оо |
| 19. | Дел од ул. “Братство Единство”-целосна изв. | 140 м’ | 2.360.000,оо |
| 20. | Дел од ул. “Браќа Минкови”-бетонирање | 50 м’ | 637.200,оо |
| 21. | Дел од ул. “1 Мај”-бетонирање | 20 м’ | 59.000,оо |
| 22. | Дел од ул. “Елка Јанкова”-тампон.со асфалтир. | 60 м’ | 118.000,оо |
| 23. | Дел од ул. “Дим. Цветинов”-тампонир.со асфалт | | 1.180.000,оо |
| 24. | Дел од ул. “Младинска”-бетонирање | | 118.000,оо |
| 25. | Дел од ул. “24 Октомври”-асфалтирање | 280 $м^2$ | 236.000,оо |
| 26. | Локален пат Струмица-Гр.Балдовци-асфалтир. | 600 $м^2$ | 403.000,оо |
| 27. | Потпорен ѕид на ул.”Неретва” | | 413.000,оо |
| 28. | Куќа на ул.”Браќа Минкови”-за пробивање на улица | | 1.200.000,оо |
| 29. | Игралиште на ул. “Иљо Шошов” | | 354.000,оо |
| 30. | Игралиште “Шпики” | | 345.000,оо |
| 31. | Изградба на мост на р.Тркања | | 1.400.000,оо |
| 32. | Пешачки премин (скали) на ул. “Неретва” | 30 м’ | 118.000,оо |
| 33. | Реконструкција на ул. “Бл. Мучето” - поправка на мермер | 54 $м^2$ | 120.000,оо |
| 34. | Плато на пл. “Благој Мучето”-поправка на мермер | 53 $м^2$ | 120.000,оо |
| 35. | Плато на влез во Градски парк-поправка на мермер | 53 $м^2$ | 120.000,оо |
| 36. | Игралиште во с. Куклиш | | 500.000,оо |
| 37. | Игралиште во с.Костурино | | 500.000,оо |
| 38. | Улица во с.Свидовица | | 350.000,оо |
| 39. | Улица во с.Костурино | | 150.000,оо |

**б)Изградба на тротоари**

| РБ | Објект | Површина | Износ во денари |
|---|---|---|---|
| 1. | Ул. “Братство Единство” | 600 $м^2$ | 708.000,оо |
| 2. | Ул. “Ленинова” | 600 $м^2$ | 708.000,оо |
| 3. | Ул. “11 Септември” со “Р. Попчевски” | 600 $м^2$ | 708.000,оо |
| 4. | Ул. “Гоце Делчев” со “Ѓорги Трајков” | 150 $м^2$ | 118.000,оо |
| 5. | Ул. “Ѓорги Трајков” | 280 $м^2$ | 231.280,оо |
| 6. | с. Дабиле | 2.910 $м^2$ | 3.557.500,оо |
| 7. | с.Добрејци | 3.200 $м^2$ | 3.571.220,оо |
| 8. | с.Костурино | 1.872 $м^2$ | 2.001.210,оо |

**в) расчистување на имотно – правни односи**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | . ул. “Новопроектирана” | 1.000.000,оо |
| 2. | ул. “Маршал Тито” | 300.000,оо |
| 3. | ул. “Љуба Брашнарска” | 200.000,оо |
| 4. | ул. “Мирче Ацев” | 712.000,оо |
| 5. | ул. “Гоце Делчев” (Единство) | 500.000,оо |
| 6. | ул. “Дунавска” | 145.200,оо |
| 7. | ул. “Гоце Делчев” (Агроремонт) | 300.000,оо |
| 8. | ул. “Васил Главинов” | 140.000,оо |
| 9. | ул. “Дим. Влахов” | 660.000,оо |
| 10 | ул. “Кр. Република” (Кожара) | 11.098.716,оо |
| 11. | ул. “Младинска” | 120.000,оо |

**г) Изработка на инвестиционо-техничка докуметнација (проекти)**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Канализација на ул. “Климент Охридски” (Ракиџиски мост) | 4.500,оо |
| 2. | Канализација на ул. “Мануш Турновски” | 6.750,оо |
| 3. | Комплет канализација на ул. “Љуба Брашнарска” | 74.400,оо |
| 4. | ул. “Гоце Делчев” (Единство) | 47.850,оо |

**д) Повеќегодишни капитални инвестиции** 3.300.000,оо

**ќ) Урбана опрема** 590.000,оо

***ЈФ – Изградба на сообраќајна сигнализација*** ***Износ :2.000.000,оо***

-Набавка и поставување на нова семафорска постројка

***ЈГ – Изградба на системи за водоснадување*** ***Износ:3.500.000,оо***

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Изградба на потисен цевовод за водоснабдување од ул. “Кирил и Методиј” до резервоарот “Чамл’к” | 2.000.000,оо |
| 2. | Изградба на систем за водоснабдување во с.Баница | 1.500.000,оо |

***ЈИ – Изградба на систем за одведување и прочистување на отпадни води*** ***Износ : 5.771.600,оо***

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Ул.”Климент Охридски” (Ф) | 200 м’ | 1.770.000,оо |
| 2. | Ул. “Мануш Турновски” (А) | 180м’ | 708.000,оо |
| 3. | Дел од ул. “Гоце Делчев”(Агроремонт) | | 1.770.000,оо |
| 4. | Реконструкција на шахти по улици | | 23.600,оо |
| 5. | с. Куклиш (по проект) | | 1.500.000,оо |

РЕКАПИТУЛАР:

| | |
|---|---|
| Ј 2 –Одведување и пречистување на отпадни води | 5.851.826,оо |
| Ј 3 -Јавно осветлување | 9.360.000,оо |
| Ј 6 -Одржување и заштита на локални патишта и улици | 5.100.000,оо |
| Ј 7 -Одржување и користење на паркови и зеленило | 3.000.000,оо |
| ЈД – Изградба и реконструкцина на локални патишта и улици | 78.597.246,оо |
| Ј Ф -Изградба на сообраќајна сигнализација | 2.000.000,оо |
| ЈГ - Изградба на системи за водоснабдување | 3.500.000,оо |
| ЈИ-Изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води | 5.771.600,оо |
| **ВКУПНО** | **113.180.672,оо** |

**Извори на приходи**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Надомест за уредување на градско земјиште | 57.812.175,оо |
| 2. | Комунална такса за јавно осветлувае | 9.360.000,оо |
| 3. | Трансфери од буџети на фондови (ФРМП) | 11.274.406,оо |
| 4. | Капитални дотации (од централна власт | 9.236.853,оо |
| 5. | Каптитални донации | 23.497.256,оо |
| 6. | Преносен вишок на приходи од предходна година | 2.000.000,оо |
| | **ВКУПНО:** | **113.180.672,оо** |

Член 2

Со стапување во сила на оваа Програма престануваат да важат:

- Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици на територијата на општина Струмица за 2005 година;

- Програмата за одржување на јавното осветлување на подрачјето на општина Струмица за 2005 година;

- Во Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на гр. Струмица за 2005 година и Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на гр.Струмица за 2005 година престануваат да важат одредбите од глава 3 и 4.

Член 3

Оваа Програма стапува во сила наредиот ден по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Број 07-1427/1 Советна општина Струмица
30.06.2005 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА НАЦРТ - СТАТУТОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА ЗА 2005 ГОДИНА

1.С

Број 08-1428/2 Градоначалник
30.06.2005 год. на Општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………………..

Врз основа на член 21 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 4/2003) и Деловникот на Советот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/1997), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 30.06.2005 година, донесе

Нацрт-Статут
за изменување и дополнување на
Статутотна Општина Струмица

Член 1

Во Статутот на Општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 4/03) членот 2 став 2 се менува и гласи:

"Подрачјето на општината е утврдено со Закон и го сочинуваат катастарските општини на населените места: градот Струмица и селата: Баница, Банско, Белотино, Вељуса, Водоча, Габрово, Градско Балдовци, Дабиле, Добрејци, Дорломбос, Злешево, Костурино, Куклиш, Мемешли, Муртино, Орманли, Попчево, Просениково, Раборци, Рич, Сачево, Свидовица, Три Води и Чепели".

Член 2

Член 13 се брише

Член 3

Во член 26 став 1 се додава нова алинеа 9 која гласи:

"Комисија за полова рамноправност"

Алтернатива

Во истиот член по став 2 се додава нов став 3 кој гласи:

"Комисијата за полова рамноправност е составена од 7 члена од кои 5 се членови на Советот".

Член 4

По член 35 се додава нов член 35-а кој гласи:

Член 35-а

Комисијата за полова рамноправност ќе врши промовирање и штитење на еднаквоста меѓу половите во уживањето на човековите права во сите општествени нивоа, вградување на половата димензија во процесот на нормирање и институционализирање на општествените процеси и односи, елиминирање на секаков облик дискриминација на жената, поголема застапеност на жената во локалната самоуправа и слично."

Член 5

По член 83 се додава нова глава:

VА."Информирање на граѓаните и слободен пристап до информации од јавен карактер

а)Информирање на граѓаните

Член 83-а

Органите на општината, комисиите на Советот на општината и јавните претпријатија и установи основани од општината, ги информираат граѓаните за одлуките и своите активности кои се од непосредно значење за животот и работата на граѓаните во општината и за други информации од јавен интерес.

Граѓаните на општината се информираат за:

- прописите кои ги донесува Советот на општината;

- начинот и условите за остварување на нивните права;

- обврските на граѓаните кои произлегуваат од надлежноста на општината;

- плановите, проектите и програмите кои се во подготовка, а се од значење за развојот на општината;

- услугите кои ги добиваат од јавните служби и општинската администрација и начинот на нивно добивање;

- приходите кои се остваруваат во општината и начинот на нивна распределба и трошење;

- јавните набавки на основни средства за работа;

- именувањето на директори и претставници во управните одбори на јавните претпријатија, установи и училишта;

- други информации кои произлегуваат од надлежноста на органите на општината и јавните претпријатија и установи во согласност со закон.

Член 83-б

Информирањето на граѓаните на општинта се врши редовно, без надоместок, преку:

- издавање Службен гласник на општината;

- издавање и дистрибуција до граѓаните на месечните информативни билтени;

- објавување на публикации;

- информативни канцеларии водени од општинската администрација и јавните служби основани од општината;

- огласни табли (простории на органите на општината, месните заедници, јавните препријатија и установи);

- веб сајт;

- јавни трибини во месните заедници за одредени прашања;

- средствата за јавно информирање и

- на друг соодветен начин кој е најповолен за информирање на јавноста.

Член 83-в

Советот на општината со посебна одлука може да утврди за одредени информации да се информира и на јазикот кој не е службен во општината, а го зборуваат дел од жителите на општинта.

б) Слободен пристап до информациите од јавен карактер

Член 83-г

Во општината се обезбедува правото на слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располагаат органите на општината (Советот и градоначалникот), јавните претпријатија и установи основани од општината и правни и физички лица со доверени јавни овластувања од општината.

По исклучок, во случаи утврдени со Закон, правото на слободен пристап до некои информации со кои располагаат имателите на информации од став 1 на овој член, може да биде ограничен или да се обезбеди делумен пристап.

Член 83-д

За информациите со кои располагаат и до кои се обезбедува слободен пристап, имателите на информации од став 1 од претходниот член, востановуваат и водат листа на информациите која се објавува на начин кој е достапен за барателите на информации.

За листата на информации и условите и начинот на слободен пристап до информациите, граѓаните на општината се известуваат преку огласна табла или на друг погоден начин.

Имателите на информации се должни редовно, а најдоцна во рок од три месеци да ја ажурираат листата на информации од јавен карактер со кои располагаат.

Листата на информации од јавен карактер за органите на општината ја предлага градоначалникот, а ја утврдува, (донесува) Советот на општината.

Листата на информации од јавен карактер за јавните претпријатија и установи основани од општината ја утврдува Упраниот одбор на предлог на директорот.

Член 83-ѓ

Постапката за остварување на правото на слободен пристап до информации се остварува во согласнот со закон.

Градоначалникот на општината создава услови и презема мерки пропишани со закон, за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат Советот на општината и општинската администрација.

Директорот на јавното претпријатие и јавната установа основани од општината, создава услови и презема мерки пропишани со закон, за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат, согласно Статутот на претпријатието и установата.

Член 83-е

Слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат имателите на информации од став 1 на член 83г имаат сите правни и физички лица (во натамошен текст: барател на информацијата).

Слободниот пристап до информации се остварува:

- со увид во документите со кои располага имателот на информацијата;

- со добивање препис, фотокопија или електронски запис од документите со кои располага имателот на информацијата.

Имателот на информацијата за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информациите определува службено лице.

Член 83-ж

Барателот на информацијата за извршениот увид или добиениот препис, фотокопија или електронски запис на информацијата, плаќа соодветен

надоместок во висина на материјалните трошоци.

Барателот на информацијата при поднесувањето на барањето се известува за плаќањето и висината на соодветниот надоместок.

Член 83-з

Имателот на информацијата ако не ја достави бараната информација, барателот има право на жалба до Државната комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Член 83-ѕ

Советот на општината усвојува годишен извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информациите во минатата година во општината.

Годишниот извештај за остварувањето на слободен пристап до информации го подготвува градоначалникот на општината и го доставува до Советот најдоцна до 31.јануари во тековната година.

Извештајот од став 1 на овој член ги содржи и податоците за остварениот слободен пристап до информациите со кои располагаат и јавните служби кои ги формира општината.

Извештајот од став 1, по усвојувањето се доствува до Државната комисија за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер."

Член 6

Член 123 и член 124 од Статутот се бришаат.

Член 7

По член 122 (во Преодни и завршни одредби) се додаваат нови членови : член 122-а, 122-б и 122-в кои гласат:

Член 122-а

Имателот на информации е должен во рок од шест месеци од денот на усвојување на Статутот да ја донесе и објави листата на информации со кои располагаат.

Член 122-б

Градоначалникот на општината е должен во рок од три месеци од денот на усвојувањето на Статутот, согласно актот за организација на општинската администрација, да распореди државен службеник од општинската администрација кој ќе ги извршува работите на посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Член 8

Овој Статут влегува во сила осмиот ден по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр.07-1428/1 Совет на општина Струмица
30.06.2005 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ – СТАТУТОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА

1.Се објавува Заклучокот за утврдувње на Нацрт Статутот за изменување и дополнување на Статутот на општина Струмица, што Советот на општина Струмица го донесе на седницата одржана на 30.06.2005 година.

Број08-1428/2 Градоначалник
30.06.2005 год. на Општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………..

Врз основа на член 21 точка 1 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 4/03), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 30.06.2005 година, донесе

З а к л у ч о к

1.Се утврдува Нацрт-Статутот за изменување и дополнување на Статутот на општина Струмица.

2.Се задолжува Комисијата за статут и прописи да организира јавна расправа преку организирање на јавни трибини во кои ќе се вклучени месните заедници, политичките партии, здруженијата на правниците, невладините организации и средствата за јавно информирање.

3.Јавната расправа ќе трае од 15.07. до 15.08.2005 година.

4.Забелешките, мислењата и предлозите да се доставaт до Комисијата за статут и прописи.

5.Комисијата за статут и прописи по завршувањето на јавната расправа да изготви Предлог-Статут за изменување и дополнување на Статутот на општина Струмица.

6.Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07-1428/1 Совет на општина Струмица
30.06.2005 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.